A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)

(/default)

МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 10.03.2019

СВР-Битола на 09.03.2019 година поднесе кривична пријава против А.Ј. (54) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "недозволено држење на оружје или распрскувачки материи" по чл.396 ст.1 од Кривичниот законик. Имено, при претрес во домот на пријавениот пронајдени и одземени се пиштол марка „ЦЗ" калибар 6.35мм со рамка со шест куршуми и пиштол–непозната марка калибар 6.35мм со рамка за истиот со два куршума. Од страна на судија на претходна постапка од Основниот Суд-Битола, на А.Ј. одредена му била мерка притвор во траење од 30 дена.

На 09.03.2019 година во 05,00 часот на излез од Граничниот премин "Меѓународен Аеродром-Скопје" лицето Х.А.(21) од Р.Албанија приложило фалсификувана грчка лична карта. По извршениот преглед, кај него пронајдена била албанска лична карта на негово

име. Х.А. бил приведен поради сомнение за фалсификувана грчка лична карта и бил предаден на полициски службеници за понатамошна постапка.

На 09.03.2019 година во 11,00 часот од Граничниот премин "Меѓународен Аеродром-Скопје" се пријавило да патува лицето М.Б. (24) со грчка лична карта. По извршената проверка, било утврдено дека неговото вистинско име е Е.Л.(26) од Р.Албанија, а за грчката лична карта изјавил дека била фалсификувана и дека ја имал купено од непознато лице во Албанија за сума од 1.000 евра. Е.Л.е приведен.

На 09.03.2019 година во 13,30 часот било пријавено дека на регионалниот пат Штип-Неготино В.В.(41) од Скопје управувајќи мотоцикл „Јамаха 850" излетал надвор од патот и паднал. В.В. се здобил со тешки телесни повреди констатирани од страна на лекар од Клиничката болница во Штип. Увид на местото на настанот бил извршен од страна на увидна екипа од СВР Штип и се работи на целосно расчистување на случајот.

На 09.03.2019 година околу 15,00 часот било пријавено дека во Неготино, на потегот од ЖС-Криволак кон ЖС-Градско, во непосредна близина на полигонот на АРМ, настанал пожар, при што биле опожарени лозја, а на неколку места биле зафатени и делови од прагови на железничката пруга Скопје- Гевгелија.  Пожарот во 16,10 часот бил изгаснат од Територијалната противпожарна единица.

На 09.03.2019 година околу 13,30 било пријавено дека покрај регионалниот пат Делчево-Берово настанал пожар во кој биле опожарени околу 20 хектари борова шума и сува трева. Пожарот во 17,45 часот бил изгаснат од Територијалната противпожарна единица.

На 09.03.2019 година околу 14,00 часот било пријавено дека во с.Стањевци-Свети Николе, во трло сопственост на Б.Д. поради неисправна електрична инсталација избувнал пожар во кој изгореле 13 јагниња, кровната конструкција и дел од трлото. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица.-Свети Николе.

На 09.03.2019 година во 13,35 часот во Полициската станица Центар Н.В.(63) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 12,00 часот на улицата "Кеј 13-ти Ноември" бил каснат од куче-скитник во пределот на левата нога.

На 09.03.2019 година во 20,50 часот во Полициската станица Карпош Д.П.(30) од Скопје, пријавил дека на 08.03.2019 година околу 02,30 часот на булеварот "Партизански Одреди" во близина на мостот "Обединети Нации" бил каснат од куче скитник во пределот на десната рака.

На 09.03.2019 година во 11,15 часот било пријавено дека на автопатот во изградба Миладиновци-Штип, кај клучката за влез во Свети Николе, патничко моторно возило "Голф" со скопски регистерски таблици, управувано од Г.М.(86) од Берово, удрило во сообраќајни знаци. Г.М. се здобил со тешки телесни повреди констатирани од страна на лекар од Клиничката болница во Штип. Увид на местото на настанот бил извршен од страна на увидна екипа од Полициската станица Свети Николе и се работи на целосно расчистување на случајот.

Одделението за безбедност на патниот сообраќај при Секторот за внатрешни работи Скопје на 09/10.03.2019 година во периодот од 23,00 до 05,00 часот спроведе акциска контрола за откривање возачи кои управуваат со возило под дејство на алкохол и возачи кои ја пречекориле брзината на движење со моторно возило на подрачјето на Скопје. Од страна на полициски службеници контролирани се 151 возач, а кај 11 утврдено е присуство на алкохол. Откриени се и 111 останати прекршоци. Во однос на управување на моторни возила со брзина поголема од дозволената констатирано е дека 30 возачи ја пречекориле брзината на движење со моторно возило. Издадени се вкупно 78 мандатни платни налози и

45 прекршочни платни налози. Со специјално возило "пајак" се подигнати 21 возило кои биле непрописно паркирани во централното градско подрачје.

Во текот на февруари, полициската станица за безбедност во патниот сообраќај Охрид, реализира повеќе акциски сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници контролираа вкупно 2834 патнички и други моторни возила, од кои, констатирани се 26 технички неисправни и 86 нерегистрирани возила. 91 возачи управувале возило без возачка дозвола а 46 возачки дозволи се одземени поради присуство на алкохол. Полициските службеници, утврдиле и презеле мерки против 251 возачи кои на своите возила имале фолии за затемнување на стаклата. При акциските контроли, полициските службеници издале 755 мандатни платни налози и 330 прекршочни налози.

На 09.03.2019 година околу 20,00 часот на автопатот Гевгелија - Неготино кај клучка за Демир Капија, патничко моторно возило „Мицубиши" со германски национални ознаки, управувано од Џ.Н. (24) од с.Арачиново-скопско, излетало од коловозот. Во возилото се превезувале 15 мигранти (од Иран, Пакистан, Авганистан). Во незгодата нема повредени лица. Џ.Н. и мигрантите биле приведени за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.03.2019 година во 09,00 часот во Полициската станица Кавадарци, 29-годишна жена од Кавадарци пријавила дека истиот ден околу 05 часот кога се враќала во својот дом ја пресретнал нејзиниот поранешен сопруг (32 години) од Кавадарци кој извршил обљуба врз неа. Сторителот е приведен во полициска станица и известен е јавен обвинител од ОЈО-Велес. Се работи на целосно расчистување на случајот.

На 09.03.2019 година во периодот од 18 до 23 часот од СВР-Струмица било извршено вонредно обезбедување на културната манифестација "Струмички карневал 2019". Околу 18 часот во дежурната служба во СВР-Струмица, Т.У. (32) од Кочани пријавил дека ќе биде поставена експлозивна направа во трговски центар во Струмица. По пријавата било постапено од Одделот за антитероризам и по преземените мерки констатирано било дека се работи за лажна пријава.

На 09.03.2019 година во 19,25 часот било пријавено дека во с.Гајранци-Пробиштип, при расправија околу напасување на добиток, Б.А. (65) од с.Таринци-штипско, со остар предмет му нанел убодна рана на Б.П.(56) од с.Караорман-штипско. Б.П. бил пренесен во Општата болница во Штип, а . Б.А. бил приведен во полициска станица. По документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.03.2019 година во 09,55 часот, воз кој сообраќал од железничката станица Ѓорче Петров во правец на железничка станица Скопје Север, на влезниот сигнал на железничката станица Скопје Север, бил каменуван од неколку малолетни лица на возраст од 12 до 15 години. Било скршено предното стакло од кабината на машиновозачот, а со телесна повреда се здобил машиновозачот З.Р. (50) од Скопје. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 09.03.2019 година во 14,20 часот, од страна на С.С. (67) од Охрид, пријавен е пожар на нива со пластеници, лоцирани во близина на селото Орман-охридско. Пожарот е изгаснат од страна на Територијалната противпожарна единица од Охрид

На 10.03.2019 година во 01.55 часот во Полициската станица Кавадарци било пријавено дека во угостителски објект бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка меѓу лицата: Д.Т.(32) од Кавадарци и З.З.(25) од с.Ваташа од една страна и А.С.(22) од с.Сопот и С.С.(38) од Кавадарци од друга страна. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.03.2019 година во 00,15 часот во СВР-Тетово Ј.Т.(45) од с.Добарце О. Желино пријавила дека на 09.03.2019 година околу 23.55 часот пред угостителски објект лоциран на улицата "Илинденска" била физички нападната од Ј.С. од с.Г.Речица. Се работи на целосно расчистување на случајот.

На 09.03.2019 година околу 12 часот, во објект лоциран во атарот на кичевската населба Стрелци, настанал пожар, во кој изгореле 3000 бали сено и кровната конструкција на објектот. Пожарот е локализиран од екипа на ТППЕ Кичево.

На 09.03.2019 година во 21,20 часот во СВР-Скопје било пријавено дека на булеварот "Мајка Тереза" во маркет непознат сторител со закана од вработените го одзел дневиот промет. Се работи на расчистување на случајот.

На 09.03.2019 година, околу 10 часот, во кругот на Општата болница во Струга нарушен е јавниот ред и мир со физички напад извршен од А.А. (29) од Струга врз Е.Б.(39) и неговата сопруга А.Б.(32), од Струга. По целосно документирање на настанот, полициската станица од Струга ќе поднесе соодветна пријава.

На 09.03.2019 година во 14 часот во Полициската станица Виница било пријавено дека настанал пожар во атар на с.Блатец-виничко на место викано „Горна осојница", каде горела земјоделска површина со дрвја, по претходно палење на стрниште. Пожарот бил изгаснат од екипа на од Територијалната противпожарна единица-Виница. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициската станица Виница.

На 09.03.2019 година во 20,15 часот во СВР Скопје Б.М.(22) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 20,00 часот на улицата "1615" бил физички нападнат од С.Ј. и Д.А. По документирање на случајот, ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 09.03.2019 година околу 23,50 часот во СВР-Скопје Н.Б.(54) од Скопје пријавил дека во неговиот дом во Чаир во собата каде што била неговата ќерка пробило залутано зрно и и нанело површински повреди (изгореница). Се работи на целосно расчистување на случајот.

На 10.03.2019 година во 04,20 часот во Полициската станица Прилеп М.Н.(24) од Прилеп пријавил дека околу 02,30 часот пред кафе бар лоциран на улицата ,,Кеј 1-ви Мај" физички бил нападнат од страна на едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.03.2019 година во 02,30 часот во СВР-Струмица Д.П.(22) од Струмица пријавил дека истиот ден околу 01,30 часот во угостителски објект бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)